Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

МАПАС

ЕЛЕКТРОНСКИ ИНФОРМАТОР

# Е-МАПАС

БР.54

## ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ ВО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

ЈУЛИ 2025 ГОДИНА

## ДИГИТАЛНА ПРОВЕРКА НА ОСИГУРЕНИК ВО КОЈ ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД Е ЧЛЕН

На интерент страницата на МАПАС достапна е едноставна дигитална алатка за брза проверка во кој задолжителен пензиски фонд членува осигуреникот. Оваа алатка, освен што на осигуреникот му дава информација во кој пензиски фонд е член, истовремено го известува и за начинот на кој може да ја следи својата индивидуална сметка.

До алатката за проверка на членство се пристапува преку следната интернет-адреса Дигитална проверка – членство.




## ЕЛЕКТРОНСКИ ПРИСТАП ДО ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕНЗИСКА ЗАШТЕДА

Пензиското друштво обезбедува електронски пристап до детален извештај за пензиска заштеда на индивидуалната сметка на членот на задолжителниот пензиски фонд односно на доброволната индивидуална и професионална сметка на членот на доброволниот пензиски фонд. Секој член на пензиски фонд со свое **корисничко име** и **лозинка** може да пристапи до својата сметка на интернет страницата на пензиското друштво.

До електронскиот систем се пристапува преку следните интернет-адреси на пензиските друштва:

САВА - Лична сметка




КБ Прво - Моја сметка




ТРИГЛАВ - Лична сметка




ВФП - Лична сметка




## АЖУРИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА

Пензиското друштво обезбедува ажурирање или коригирање на личните податоци на членовите на пензиските фондови преку електронски систем поставен на интернет страницата. Лични податоци кои може да се ажурираат се:

- име и презиме,
- адреса на живеење,
- место на живеење,
- поштенски код,
- место за коресподенција,
- поштенски код за коресподенција,
- адреса за коресподенција,
- телефон и
- електронска пошта.

Пензиското друштво обезбедува електронска идентификација и проверка на авторизацијата на лицето кое сака да изврши ажурирање на податоците.

## ДОСТАВА НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЕНЗИСКА ЗАШТЕДА ПРЕКУ ЕЛЕКТРОНСКА ПОШТА

Пензиското друштво еднаш годишно доставува Извештај за пензиска заштеда на индивидуалната сметка на членот на задолжителниот пензиски фонд односно на доброволната индивидуална и професионална сметка на членот на доброволниот пензиски фонд и Извештај за инвестициско портфолио до секој член на пензискиот фонд во зелен плик.

Ова известување, по претходна согласност од членот, наместо во зелен плик пензиското друштво може да го доставува и во електронска форма преку електронска пошта.

## МАПАС – СТАТ

Статистичките податоци за капитално финансираното пензиско осигурување се достапни на јавноста и преку новата алатка за статистички податоци “МАПАС-СТАТ” којашто е поставена на интернет страницата на МАПАС. Оваа современа интерактивна алатка е овозможена преку Business Intelegence Tool – Metabase.

“МАПАС-СТАТ” обезбедува современ и едноставен пристап до податоците, можност за самостојно филтрирање на податоците, изготвување на временски серии, интерактивна визуелизација и преземање на податоците. Исто така со “МАПАС-СТАТ” се обезбедува зголемен обем и фрекфенција на објава на релевантните статистички податоци за учесниците, сите заинтересирани страни и пошироката јавност.

**"Со еден клик до преглед на твојата иднина!"**

**"Твојата сметка со пензиска заштеда, твоја контрола – дигитално секогаш и секаде!"**

До алатката за статистички податоци се пристапува преку следната интернет-адреса:
МАПАС-СТАТ Алатка за статистички податоци.

- Вредност на сметководствена единица и нето средства
- Структура на инвестиции на пензиски фонд
- Вкупна структура на инвестиции на задолжителните пензиски фондови
- Вкупна структура на инвестиции на доброволните пензиски фондови
- Споредба на структура на инвестиции на задолжителните пензиски фондови
- Споредба на структура на инвестиции на доброволните пензиски фондови
- Членство во задолжителен пензиски фонд
- Членство во доброволен пензиски фонд
- Професионални пензиски шеми
- Придонеси во задолжителен пензиски фонд
- Придонеси во доброволен пензиски фонд
- Надоместоци во втор столб
- Надоместоци во втор столб - државни институции
- Принос на пензиски фондови - табела
- Принос на пензиски фондови - график
- Принос на пензиски фондови - номинален и реален - график

МАПАС-СТАТ

## РЕМЗИ БАЈРАМИ ИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ЕКСПЕРТИ НА МАПАС

На седницата одржана на 14 мај 2025 година, Собранието на Република Северна Македонија донесе одлука со која г. Ремзи Бајрами е избран за претседател на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***




## УСПЕШНА ЕДУКАЦИЈА НА СТУДЕНТИТЕ ОД ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ – УНИВЕРЗИТЕТ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ ПО ПОВОД ГЛОБАЛНА НЕДЕЛА НА ПАРИТЕ

На 15 април 2025 година, Економскиот факултет – Скопје беше домаќин на едукативен настан по повод Глобалната недела на парите, со фокус на финансиската едукација и пензискиот систем. Настанот беше организиран од страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС, пензиските друштва КБ Прво пензиско друштво АД Скопје, Сава пензиско друштво а.д. Скопје, ТРИГЛАВ Пензиско друштво АД Скопје и ВФП Пензиско друштво АД Скопје во соработка со Студентското собрание на Економскиот факултет – Скопје.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***



## УСПЕШНО ОДРЖАНА ПАНЕЛ-ДИСКУСИЈА ПО ПОВОД ГЛОБАЛНА НЕДЕЛА НА ПАРИТЕ: „КАКО ПОЗНАВАЊЕТО НА ФИНАНСИИТЕ ЈА ОБЛИКУВА ТВОЈАТА ИДНИНА?“

Скопје, 14 април 2025 година – Во рамки на Глобална недела на парите, во просториите на Netaville се одржа панел-дискусија на тема “Како познавањето на финансиите ја обликува твојата иднина?”, на која учествуваа истакнати личности од финансискиот и академскиот сектор.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***




## ГЛОБАЛНА НЕДЕЛА НА ПАРИТЕ 2025-ЕДНОДНЕВНА ЕДУКАТИВНА ПРАКСА ЗА СТУДЕНТИ ОД УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ-СКОПЈЕ

Во рамки на соработката меѓу Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) и Универзитетот Американ Колеџ-Скопје, на ден 14.04.2025, од 10.00-14.00 часот се одржа еднодневна едукативна пракса за студенти од Факултетот за деловна и бизнис економија.

За повеќе информации посетете го следниот ***линк***




**ИМАТЕ ПРАШАЊА ИЛИ ПОПЛАКИ?**
**Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk**

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
Славко Јаневски 100, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел: (02) 3224 229
www.mapas.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
**МКС EN ISO 9001:2009**

TÜV NORD
TÜV NORD CERT GmbH
ISO/IEC 27001